РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3262/2
17-12-2021
_______ r./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57-та седница одржана на 17.12.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3262/1 од 18.09.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека предметот нема елементи за нејзино надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката на ДКСК да се достави до подносителот, со образложението.

Предметот со број од 12-3262 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3262/1 од 18.09.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од ///, по електронски пат и во истата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за непотизам при вработување ///. Од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставен е доказ – пресуда на ///.

По разгледување на наводите во поднесената пријава, ДКСК по службена должност изврши увид во означената пресуда на ///, потврдена со пресуда на ///, по што констатира дека во конкретниот случај, по наводите на подносителот постапил друг надлежен орган, кој донел одлука од своја законска надлежност, врз основа на која одлуката за избор на /// во погоре означената национална установа била правосилно поништена. Оттаму, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за нејзино надлежно постапување, пријавата на подносителот да се отфрли и предметот да се затвори и архивира.

Заради горе наведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д.